РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-290
15.07. 2014 година
Скопје

Врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), и Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, емитуван на 21 јуни 2014 година бр.10-3709/2 од 11.07.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради емитување на рекламирање и телешопинг во програми за деца чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути, од страна на Трговското радиодифузно друштво ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, в.д. Директорот на Агенцијата на ден 15.07.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, заради извршена повреда на член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), односно поради емитување на рекламирање и телешопинг во програми за деца чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по наслов на емисија, почеток и крај на период на емитување, рекламни блокови во емисијата и опис на прекршување) во Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, емитуван на 21 јуни 2014 година бр.10-3709/2 од 11.07.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23, став 1, алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за програмски работи, на 21 јуни 2014 година, изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) на програмата/програмскиот сервис на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека спротивно на член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, на 21 јуни 2014 година, во програмата за деца „Детски блок" чие времетраење без времето одвоено за рекламирање и телешопинг е пократко од 30 минути се емитувани два блока рекламирање.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по наслов на емисија, период на емитување почеток и крај, рекламни блокови во емисијата и опис на прекршување) во Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, емитуван на 21 јуни 2014 година бр.10-3709/2 од 11.07.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, емитуван на 21 јуни 2014 година бр.10-3709/2 од 11.07.2014 година, поради констатираното непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, в.д. Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ се презема мерка – опомена, со кое му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**в.д. Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, емитуван на 21 јуни 2014 година бр.10-3709/2 од 11.07.2014 година

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11.07.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3709/2 | 1 | |

До: Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
в.д. Директор, д-р Зоран Трајчевски

**ИЗВЕШТАЈ**
**од вонредниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, емитуван на 21 јуни 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

1. **Член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Рекламирање и телешопинг не може да се емитува во програми за деца чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути).

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ од 21 јуни 2014 година, е констатирано дека времетраењето на програмата за деца „Детски блок“ е пократко од 30 минути, а во неа се емитувани два блока рекламирање. Времетраењето на програмата, без времето одвоено за рекламирање и телешопинг е 23 минути.

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Рекламни блокови во емисијата | |
|---|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | Почеток | Крај |
| Емисија за деца „Детски блок“ | 01:35:02 | 02:01:15 | 01:51:02<br>01:57:43 | 01:54:09<br>01:57:54 |
| Емисија за деца „Детски блок“ | 06:07:57 | 06:35:02 | 06:23:55<br>06:30:34 | 06:27:04<br>06:30:45 |
| Емисија за деца „Детски блок“ | 10:41:44 | 11:08:49 | 10:57:45<br>11:04:24 | 11:00:53<br>11:04:32 |
| Емисија за деца „Детски блок“ | 14:51:51 | 15:19:00 | 15:07:50<br>15:14:31 | 15:10:57<br>15:14:41 |

***Опис на прекршувањето:***

Спротивно на **член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, на 21 јуни 2014 година, во програмата за деца „Детски блок“ чие времетраење без времето одвоено за рекламирање и телешопинг е пократко од 30 минути се емитувани два блока рекламирање.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*11.07.2014 година*

| Претходно изречена мерка: |
|---|
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и член 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата, се дава следната

Предлог на мерка:

- да се преземе мерка – опомена, и
- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).